| | Ива Ивановска | 2 место | Литературен к. | Македонски ј. | Соња Д. | |
| | Леа Јаначковска | 1 место | Литературен к. | Македонски ј. | Соња Д. | |
| | Стефан Брезовски | 2 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| | Никола Шашков | 2 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| | Павел Трпковски | 2 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| | Марко Јовановиќ | 3 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| | Никола Шашков | 2 место | Општински | Математика | Мирјана Н. | 24.02.2018 г. |
| | Стефан Брезовски | 3 место | Општински | Математика | Мирјана Н. | 24.02.2018 г. |
| | Андреј Зафировиќ | 3 место | Општински | Математика | Мирјана Н. | 24.02.2018 г. |
| | Елена Петрушевска<br>Теона Китинова8одд<br>Софија Богоевска 8одд<br>Софија Богоевска 8одд | 1 место<br>1 место<br>2 место<br>Пласман | Општински<br>Општински<br>Општински<br>Регионален | Англиски ј. | Марија Т. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | за државно | | | | |
| Иво Тојтов | 2 место | Интерен | Македонски ј. | Катерина А. | |
| Петар Јаневски | 1 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| Јана Толевска | 2 место | Општински | Математика | Мирјана Н. | 24.02.2018 г. |
| Андреј Крстевски | 1 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| Карло Димевски | 3 место | Регионален | математика | Мирјана Н. | 30.03.2018 г. |
| Борјан Бундалевски | 3 место | Општински | математика | Мирјана Н. | 24.02.2018 г. |
| Леона Симоновска | 3 место | Општински | Англиски ј. | Марија Т. | |
| Леона Симоновска | 1 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| Леона Симоновска | 1 место | Општински | Е-отпад-маска | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| Игор Цветковски | 1 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| Андреј Милевски | 2 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| Афродита Силјановска | 2 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| Нина Кузмановска | 2 место | Општински | Природни науки | Емилија В. Ч. | 03.03.2018 г. |
| Афродита Силјановска | 3 место | Училишен | Германски ј. | | |
| Сара Јованова | 3 место | Училишен | Германски ј. | | |
| Ана Ковачка | 1 место | Државен | биологија | Соња Т. | 20.05.2018 г. |
| Теодора Цветковска | 1 место | Државен | биологија | Соња Т. | 20.05.2018 г. |
| Иван Богдановски | 1 место | Државен | биологија | Соња Т. | 20.05.2018 г. |
| Леа Јаначковска | 1 место | Државен | биологија | Соња Т. | 20.05.2018 г. |
| Бојана Илиева | 1 место | Државен | биологија | Соња Т. | 20.05.2018 г. |

**Училиштето го поттикнува вклучувањето на учениците во разни воннаставни активности.**

Преку наставата и вонннаставните активности учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и културата на другите етнички заедници

За време на вонннаставните активности учениците имаат можност да се запознаат непосредно со информациите кои теоретски ги добиваат.

Среќни се кога учествуваат на претстави кои истите ги подготвуваат со наставниците, подготвуваат различни видови на предавања, одат на посета во различни видови на институции ( театар, кино, балет, културно историски обележја и знаменитости, посета на домот за стари лица во Злокуќани-,,Мајка Тереза,,, посета на домот за деца без родители-11 Октомври.)

Интервју со педагог

Постигнувањето на учениците ни е особено важен приоритет во училиштето.

- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

На секое тримесечие , полугодие и крајот на годината се сумираат резултатите врз основа на кои се евидентираат постигнувањата на учениците. За учениците кои што имаат потешкотии во учењето се реализираат часови за дополнителна настава, но исто така се разговара со истите за начинот на кој учат (техники и постапки за полесно совладување на материјалот), како и разговори со родителите. Со наставниците следеа договори на кој начин да им олеснат на учениците за постепено совладување на

| | |
|---|---|
| Извештај од психолошко педагошка служба | содржините кои се пропуштени. Така учениците имаа обврска да научат прво две наставни содржини па уште две и така постапно совладувајќи ги содржините да добијат и повисока оценка. Наставниците на почеток на учебната година истакнаа распоред на приемен ден врз основа на кој родителите можат да ги посетат и се консултираат за напредокот на своето дете.<br>Задолжително по завршување на тримесечие, полугодие и учебна година се организираат родителски средби на кој се соопштува успехот на учениците, а за учениците што потешко напредуваат, се организираа индивидуални средби на кои се посочуваат причините и слабостите во напредокот на учениците.<br>Мора да се истакне дека секоја година посочуваме дека содржините што се предвидени за совладување по програмите за секој предмет се многу обемни. Има голем број на несоодветни термини во учебниците кои согласно менталната возраст не одговараат генерациски, а најчесто учебникот е основно средство во домашни услови од кое ученикот учи.<br>Наставните цели во програмите по предметите често не кореспондираат со учебниците. Кај родителите често постои револт за обемноста на програмите. Родителите исто така коментираат дека се премногу зафатени и немаат доволно време да посветат на своите деца.<br>Теретот останува на училиштето кое како знае и умее се справува со сите фактори кои влијаат на успехот - постигањата на учениците. Со сите чекори кои што ги превземаме ние сме задоволни од успехот што го постигнуваат нашите ученици на крај од учебната година.<br>За подготвеноста на нашите ученици говори и искажувањето на професорите од средните училишта во кои се запишуваат нашите ученици. Сите ученици од нашето училиште се запишуваат во средно училиште.<br>Констатација на педагогот кој разговарал со стручни лица кои се од нашата бранша е дека нашиот воспитно образовен систем е премногу амбициозен.Кај учениците многу тешко се гради самодоверба која е неопходна за функционирање на ученикот во неговите повозрасни години , значи во периодот кога треба да делува самостојно и да се оспособува за градење на сопствена кариера.<br>Напредокот и постигањата на учениците кои имаат тешкотии во учењето  или оние со посебни потреби се следи во континуитет. Од оваа учебна година во нашето училиште работи дефектолог кој помага во изготвување на ИОП, работи со децата со ПОП и наставниците ја консултираат за различните видови на потешкотии на учениците.<br>Педагошко- психолошката служба води досиеја за тие ученици и ги следи заедно со наставниците.<br>На состаноците се дискутира за нивното учење , прилагоденост, напредок, потешкотии.<br>• Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на |

образование.
- Следењето е застапено во Полугодишните и Годишните извештаи на училиштето за постигањата на учениците.

Редовно имаме сознанија дека сите наши ученици го продолжуваат своето образование.
Стручната служба го следи напредокот на учениците и нивните постигнувања.
Учениците и нивните родители се повикуваат на советување доколку има потреба, доколку ученикот има над 100 изостаноци, често боледува или ако се забележуваат отстапки во постигањата за еден определен период битен во развојот на ученикот.

**2.2 Задржување- Осипување на учениците**

- Одделенски дневници
- Закон за основно образование
- Податоци и извештаи од психолошко / педагошката служба
- Податоци од одделенски раководители одделенски дневници
- Податоци од административна служба (секретарот ) и главна книга
- Програма за работа и Извештај за работа на училиштето
- Списоци на деца од реонот на училиштето

Известувања МОН и ДПИ

- Опфат на учениците
- Редовност во наставата
- Осипување на учениците
- Премин на учениците од едно училиште во друго
- Опфат на учениците

Во однос на опфаќање на учениците во нашето училиште се примаат ученици кои што припаѓаат на нашиот реон. За прифаќање на учениците се почитува основно образование , реонизацијата, ја утврдуваме во соработка со месна заедница од реонот на нашето училиште.

**Редовност во наставата**

Од досегашните извештаи на одделенските раководители во сите одделенија постојат идентификувани поединци – ученици кои се повеќе подложни на отсуство од училиште поради оправдани и неоправдани отсуства. Овие евидентирани отсуства не се ниту од етичка, ниту од економска природа, а што се однесува до половата припадност евидентно е дека во поголем број се машки ученици. Треба да се спомне дека одделни ученици отсуствуваат на првите часови поради доцнење. И во овој случај поприсутна е машката популација. Сето ова е евидентирано со изостаноци што се гледаат од одделенските дневници.
Оправдани и неоправдани изостаноци во учебната 2016/17 и 2017/18 се евидентирани во дневниците и извештаите на одделенските раководители.

**Полугодишен споредбен преглед на изостаноци за 2016/17 и 2017/18год.**

| 2016/17 | I | II | III | IV | V | VI | VII 5паралелки | VIII 3паралелки | IX | **Се** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| оправдани | 489 | 912 | 1247 | 638 | 351 | 2098 | 2287 | 2359 | 3055 | 13436 |
| неоправдани | / | / | / | / | / | 1 | 32 | 26 | 91 | 150 |
| се | 489 | 9112 | 1247 | 638 | 351 | 2099 | 2319 | 2385 | 3146 | 13586 |
| | | | | | | | | | | |
| 2017/18 | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII 5паралелки | IX 3паралелки | |
| оправдани | 893 | 1455 | 1128 | 1712 | 259 | 2200 | 1869 | 3143 | 2613 | 15272 |
| неоправдани | / | / | / | / | 4 | 25 | 2 | 91 | 40 | 162 |
| се | 893 | 1455 | 1128 | 1712 | 263 | 2225 | 1871 | 3234 | 2653 | 15434 |

| | |
|---|---|
| | Од горе прикажаниот извештај можеме да заклучиме дека неоправдани изостаноци од I-V нема , додека во предметна настава евидентно е дека неоправданите изостаноци линеарно се зголемуваат со возраста.<br>За подобрување на редовноста на учениците превземени се соодветни мерки.<br>Училиштето се обидува да најде најразлични модуси да се справи со задржувањето на учениците во училиштето. Пред се, се обидува да го најде генераторот на проблемот на што се должат изостаноците.<br>-Се врши едукација на учениците од страна на класните раководители за важноста на континуирано следење на наставата од страна на учениците.<br>-Постојани контакти на класните раководители со родителите на учениците кои отсуствувале од наставата за причините на нивното отсуство.<br>-Задолжително барање на медицинска белешка за потврдување на причините поради кое ученикот не бил во можност да ја посетува наставата.<br>- Реализација на дополнителна настава со учениците кои подолго отсуствувале од наставата, за полесно совладување на материјата која ја пропуштиле.<br>И покрај превземените мерки што во континуитет се спроведуваат секоја година, евидентно е дека намалување на бројот на неоправдани изостаноци нема , напротив бројот е зголемен<br>На 01.01.2012 година стапија на сила измените на Законот за основно образование објавени во Службен весник на Р. Македонија во кој министерот за образование и наука донесе ПРОГРАМА за советување родители на ученици.<br>Во нашето училиште врз основа на горенаведениот закон се спроведува програмата за советување на родители на ученици во основните училишта.<br>Одговорен за спроведување на ( програмата ) овие законски измени е психологот на училиштето. Согласно на програмата спроведени се советувања според потребите и поканите што класните раководители и одделенските наставници ги доставиле до психологот на училиштето.<br>Успехот и поведението на учениците се предмет на постојана опсервација и се превземаат мерки. За овие ученици од раководителите на паралелките и педагошко - психолошката служба во училиштето водена е евиденција, превземени се активности согласно постапките на учениците и изречените педагошки мерки.<br>Во текот на првото полугодие од **учебната 2016/17 год. изречени се педагошки мерки за 12 ученици** со несоодветно однесување од кои еден со усна опомена од раководител на паралелка двајца, **8** со писмена опомена од одделенски раковидител и **двајца** ученици од одделенски совет.<br>На овие ученици повикани се родителите со кои се договараа стратегии за надминување на несоодветното однесување на учениците. |

Исто така изречени се и **педагошки мерки – пофалба** за првото полугодие од **2016/17од** раководител на паралелка на Одделенски совет за ученици со континуиран одличен успех и примерно поведение, севкупни залагања во воспитно - образовниот процес и воннаставни активности, 26 ученици.  .

| **Пофалени ученици** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
|---|---|---|---|---|
| **2016/17** | 7 | 5 | 7 | 7 |
| | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
| **2017/18** | 4 | 4 | 5 | 3 |

И во одделенска настава пофален  е по еден ученик  кој посебно напредува во паралелката.
**За советување** на родители од одделенска настава во учебната **2016 /17**  опфатен е  еден родител на ученик од III одделение, кој има 101 оправдан изостанок, додека  од предметна настава повикани се родители на 15 ученици со **над 100 оправдани** и тоа во IX одделение на  9 ученика во VII одд. на  3 и во VI родители на 3 ученика .
На советување повикани се родители на 6 ученика **со над 10 неоправдани,** пет машки и едно женско и  родители на 11 машки ученици со намален успех во учењето - над 3 слаби во третото тримесечие и  тоа 7 ученици  во VII одд.,  4 во IX д.  сите машки.
За советување повикани се и родители на ученици со **несоодветно однесување** и тоа за пет ученици од  6 и еден ученик од 9 одделение.
Во учебната **2017 /18** на советување повикани се родители во одделенска настава за еден ученик во IV одделение со **над 100 оправдани** , додека во предметна со над 100 оправдани изостаноци на советување повикани се 16 родители и тоа на 3 ученици во VI одд.,   4 во VIIодд.  6 во VIIIодд и  3 во IXодд .Со на **10 неоправдани** се 9 ученици и тоа во 6 2 ученика во 7одд., 1 ученик во 8 одд. и во 9 одд. 1 ученик , додека **за несоодветно однесување** 17 ученици и тоа 9 во VIII одд., 4 во VII одд., 3 во VI одд. и 1  во IX одд . За овие ученици следеа педагошки мерки и тоа опомена од одделенски раководител, еден ученик е преместен во друга пералелка и еден во друго училиште.
И **со три и повеќе** слаби оценки се осум ученици - 5 ученици во VIII одд. и 3 во VI одделение.

- **Осипување на учениците**

Осипувањето на ученици е незначително.
Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште ( промена на адреса , заминување во странство  и сл. ) е речиси еднаков  со бројот на оние кои доаѓаат од  друго место или училиште.

- **Преминување на учениците од едно училиште во друго**

При преминување на учениците од едно во друго училиште се  запазува постапката за  уредно водење педагошка евиденција и документација и  навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема

во предвид при натамошна образовна работа со ученикот.

Во учебната **2016/17** год. испишани се 15 ученици од кои 6 (едно женско) се во друга општина, а 7 (четири женски) се во друга држава и 2 (едно женско) во иста општина. Новозапишани се 8 ученици, 5 (четири женски) во друга општина и 3 (две женски) од истата општина.

| Вкупен број на ученици | | Флуктација на ученици | Друга општина | | Иста општина | | Друг град | | Друга држава | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2016 /2017** | | | се | ж | Се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |
| се | ж | Испишани | 6 | 1 | 2 | 1 | / | / | 7 | 4 | 15 | 6 |
| 984 | 471 | новозапишан | 5 | 4 | 3 | 2 | / | / | / | / | 8 | 6 |

.Табела на запишани , префрлени и отпишани ученици **2017/2018**

| Вкупен број на ученици | | Флуктуација на ученици | Друга општина | | Иста општина | | Друг град | | Друга држава | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | ж | | се | ж | Се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |
| 990 | 469 | испишани | 2 | 2 | 3 | / | / | / | / | / | 5 | 2 |
| **учебна 2017/2018** | | ново запишани | 3 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 7 | 5 |

По барање на родители, 3 ученици од одделенска настава се префрени од една во друга паралелка.

**2.3 Повторување на учениците**

Главна книга
Одд. Дневници
Свидетелства
Статистички извештаи
Е дневник

- **Ученици кои не ја завршуваат годината**

Во нашето училиште 100% од учениците го завршуваат образовниот циклус. Од разгледаната документација неколку години наназад евидентно е дека повторување на ученик нема. Учениците со една, две и три слаби во текот на годината биле повикувани на дополнителна настава . Со родителите на тие ученици е разговарано и предочено за слабостите и пропустите во стекнување на знаењата. Тие ученици ги поправиле слабите оценки и го подобриле успехот на крај од годината. Во учебната 2017 /2018 еден ученик од VIII одделение е оставен на продолжителна настава.

**2.4Следење на напредокот на учениците**
Дневници на паралелките
Е дневник
Евиденција на наставници за остварени средби и соработки со родители
Записници од Одделенски и Наставнички совети
Записници од состаноци на Училишен одбор и Советот на родители

Записници од состаноци наСтручните активи

Интерни акти и кодекси на училиштето

Инструменти за следење и вреднување на наставниот час и

- Водење на евиденција за индивидуален напредок на учениците

Наставниците редовно ги следат постигањата на учениците и транспарентно ги информираат родителите и учениците за успехот со насоки за подобрување на истиот. За напредокот и постигнатите резултати учениците се информираат од одделенските раководители и предметните наставници, писмено и усно, а родителите добиваат известување при индивидуални и општи родителски средби како и по електронски пат ( Е дневник) .
По направените разговори и интервјуа со наставниците може да се заклучи дека сите наставници во нашето училиште водат евиденција за индивидуалниот напредок на учениците. Следењето за напредокот на учениците се врши континуирано и истото претставува составен дел на секој наставен час. Напредокот на постигнувањата на учениците од страна на наставниците се следи преку голем број методи и инструменти за вреднување на знаењата на учениците како усно и писмено проверување, чек листи,

| | |
|---|---|
| дневните подготовки на наставниците<br><br>Бележници на наставниците<br><br>Записници од родителски средби<br><br>Евиденција и документација на стручните соработници<br>Евидентни  листи за успехот и однесувањето на учениците<br><br>Свидетелства<br><br>Полугодишни  и годишни извештаи на<br>Училиштето<br><br>Дневници на паралелките<br>Е дневник<br>Записници од Одделенски  и Наставнички совети<br>Записници од  состаноци на Училишен одбор и Советот на родители<br>Записници од состаноци на Стручните активи<br>Евиденција и документација на стручнитесоработници<br>Анализи и извештаи за успехот и поведението  на секој класификационен период | аналитички листи, листи за самооценување на учениците , листи за следење на индивидуалниот напредок на учениците.<br>На крајот на секој класификационен период одделенските наставници и одделенските состаноци, одд. раководители изготвуваат евидентни листи со информации за успехот и поведението на  учениците од прво до деветто одделение. Учениците  од прво до трето одделение  описно се оценуваат, додека од четврто до шесто одделение се оценуваат описно на крајот на првото и третото тримесечие, а на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година бројчано како и учениците од седмо до деветто одделение. Евидентните листи содржат и информации за социјализацискиот развој на учениците.Од родителите се бара да дадат повратни информации , по што се превземаат соодветни активности за подобрување на успехот и постигањата на учениците.<br>Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тримесечие, свидетелствата на крајот од учебната година, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој (од прво до трето одд. деветгодишно образование). Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните соработници и родителите на ученикот/ученичката.<br>Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, одделенските/предметните наставници и родителите во  интерес на напредокот  на учениците.Напредокот, односно постигањата на учениците редовно се следат  преку одржаните одделенски и наставнички совети.<br>Евиденцијата  за напредокот и редовноста на учениците е достапна за сите заинтересирани целни групи.<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки.<br>За истото тие се информираат  од извештаите на одделенските и наставничките совети, а учениците и родителите на одделенските часови, односно на одржаните родителски средби, отворени денови и приемни денови на наставниците индивидуално, од состаноците на Ученичката заедница, преку електронскиот дневник.<br>Наставниците и стручните соработници подготвуваат редовни извештаи и анализи на крајот на секој класификационен период, по паралелки и наставни предмети, на ниво на одделенија, по пол и етничка припадност и прават споредбени анализи за три последователни учебни години. |

Анкета со наставници

На исказот: **,, Ги поттикнувам учениците да применуваат правила на работа во групна и тимска работа,,** со сосема точно одговориле 92% од наставниците и 8% одговориле со точно.







На исказот: **,, Водам евиденција за напредувањето на учениците,,** со сосема точно одговориле 65% од наставниците, со точно 15% и со делумно точно 20%.

Анкета за ученици

На исказот: **,, Стекнатите училишни знаења ми овозможуваат подобро да се снајдам сега и во иднина ,,** 79% од учениците одговориле со сосема точно, 11% со точно и 10% со делумно точно.







На исказот:**,, Ги поврзаувам знаењата стекнати по различни наставни предмети,,** 78% одговориле од учениците со сосема точно, 16% со точно и 6% со делумно точно.

Анкета за родители

На исказот: **,,Навремено сме информирани за работата, успехот и поведението на учениците,,** со сосема точно одговориле 88% од родителите, со точно 5% и со делумно точно 7% од родителите.







На исказот: **,, Наставниците ги мотивираат и поттикнуваат учениците да учествуваат на натпревари и конкурси,,** 87% од родителите се изјасниле со сосема точно, 10 % со точно и 3% со делумно точно.

# Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

---

## Подрачје 2. Постигања на учениците
**Ниво при евалуација: многу добро**

**Резултати**

| Клучни јаки страни |
|---|
| – Добри резултати по предмети , пол и етничка припадност на кројот од 1 до 9 |

| |
|---|
| одделение.<br>– Учениците може слободно да си ги покажат своите способности и интереси и надвор од часовите со помош на наставниците.<br>– Инволвирање на учениците со посебни потреби  во рамките на редовната настава.<br>– Постигнување на високи резултати на натпревари и истакнување на првенец на генерација во 9 одделение.<br>– Нема ученици кои не го завршиле образованието.<br>– Имаме стручно лице – стручен соработник дефектолог за работа со деца со посебни потреби.<br>– Стручно оспособен, високо квалификуван наставен кадар  кој работи на постојано образување и усовршување;<br>– Редовно водење на педагошката евиденција и документација и е-дневник.<br>– Децата со посебни потреби се интегрираат во редовниот образовен процес.<br>– Редовно следење на успехот и психо-физичкиот напредок на учениците. |
| Слабости<br>– Обучување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици.<br>– Потреба од изработка на протокол за прием и работа со децата со ПОП. |

**Анализа на резултатите:**

Училиштето ги следи постигањата на учениците по пол, етничка припадност и врши анализа на постигнатите
резултати на учениците по паралелки, по наставни предмети, по пол и по етничка основа. Анализата по предмети
се врши на полугодие и на крај на учебна година, а по пол и етничка основа се врши на секое тримесечие.

Постигањата на учениците училиштето ги подобрува со тоа што користи современи методи и техники на
работа. Исто така, преку користење на дигитални апликации кои наставниците ги користат при реализација на
наставни содржини во текот на учебната година се осовременува наставниот процес , се подобрува квалитетот на
наставата и се подобруваат постигањата на учениците. Учениците ги подобруваат своите постигања преку
следење на дополнителна и додатна настава која ја реализират наставниците. Преку додатната настава учениците се мотивираат да ги подобруваат своите постигања, преку учество на разни натпревари каде  ги покажуваат своите лични знаења.

Од големо значење за подобрување на постигањата на учениците е соработката на ниво на активи и во склоп
на професионалните заедници за учење, каде наставниците разменуваат мислења и искуства, со што се
подобрува квалитетот на наставата, а аналогно на тоа се подобрува и нивото на постигања на учениците.

Идентификација на учениците со тешкотии во учењето и на учениците со посебни образовни потреби,
училиштето врши во прво одделение, како и во текот на редовната настава. Идентификацијата ја вршат
одделенските наставници, предметни наставници, стручните соработници, но се има потреба од дополнителни
обуки за посоодветно изготвување на ИОП, посоодветна идентификација и посоодветен третман.

Идентификација на надарени ученици најчесто се врши преку наставниците во соработка со стручната служба
во училиштето. Во тој случај учениците се вклучуваат во разни секции каде нивните можности можат оптимално

да дојдат до израз, а како една од најзастапените форми на работа со талентирани ученици е дополнителна настава.
Во поглед на опфатот на учениците, според Закон за основно образование, училиштето е должно да ги опфати
сите ученици од својот реон.
Училиштето постојано ги известува родителите за напредокот на учениците. Се користат повеќе форми, и тоа:
групни и индивидуални разговори, родителски средби, преку евидентни листови, со давање ни пишани повратни
информации, преку е-дневник, преку приемен ден на наставникот, преку отворен ден во училиштето, преку водење на портфолио за ученикот.
Одделенските наставници и раководителите на паралелки, на двете тримесечја, на крајот од првото полугодие и
на крајот од учебната година поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целата паралелка и успех на
учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети.
Секој наставник во текот на цела учебна година ги следи постигањата на учениците. Води иднивидуален
дневник во кој ги бележи сите активности од страна на учениците. Наставниците континуирано ги оценуваат учениците преку примена на разни методи на формативно оценување, како и сумативно оценување.
Исто така училиштето води грижа за редовноста на учениците, а доколку некој ученик се забележи дека
нередовно ја посетува наставата, веднаш се реагира. Се повикува родителот, се известува за отсуствата на
ученикот, се со цел да се надмине настанатиот проблем. Доколку на ученикот му се изрекува некоја педагошка
мерка, родителот се запознава со тоа.

## ИДНИ АКТИВНОСТИ - ПРИОРИТЕТИ

- Детектирање на причините за зголемувањето на бројот на изостаноците на ниво на училиште
- Едуцирање на наставници за изработка на индивидуални наставни планови за работа со ученици со
посебни образовни потреби (ИОП)